# ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ
# ВРАБОТУВАЊЕ НА ЛУЃЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Постојат деловни користи кога вработувате лице со попреченост – користи кои се повеќе од едноставно пополнување на работното место. Тие користи го потврдија австралиски и меѓународни истражувања. Вработените со попреченост се:

- Сигурни – луѓето со попреченост поретко отсуствуваат од работа, поретко одат на боледување и подолго остануваат на исто работно место од другите работници.
- Продуктивни – откако ќе се најдат на соодветно работно место, луѓето со попреченост работат исто толку добро како другите вработени.
- Достапни – трошоците за вработување, осигурување и оштета се пониски. Луѓето со попреченост имаат помалку инциденти и незгоди на работа за кои се плаќа оштета во споредба со другите вработени.
- Добри за бизнисот – Луѓето со попреченост градат цврсти врски со клиенти и ги засилуваат моралот и лојалноста на персоналот, создавајќи разновидна работна сила. Постојат реални заштеди поради поретки промени на персоналот и оттука помали трошоци за вработување и преобука. Вработувањето на луѓе со попреченост придонесува за севкупната разноличност на организацијата. Тоа го подобрува имиџот на компанијата во очите на нејзиниот персонал, клиентите и заедницата, што го зголемува угледот на работодавецот. Да се биде организација пријателски расположена кон луѓето со попреченост е добар начин за промоција на вашиот бизнис.

**Справување со пријавување на попреченост**
Вашиот вработен може да избере дали ќе ви каже за својата попреченост. Тој или таа нема законска обврска да ја открие својата попреченост, освен во случај таа да влијае врз неговата или нејзината способност да ги извршува работните задачи.

Информациите за попреченоста на вработениот често содржат чувствителни приватни податоци. Ако вработениот ви каже за неговата или нејзината попреченост, вие мора да размислите за можноста за обука или разумни приспособувања на работата, за да се задоволат неговите или нејзините потреби во врска со работата.

**Флексибилност на работното место**
Флексибилноста во врска со работните ангажмани може да ѝ помогне на вашата организација да привлече и задржи вработени, вклучувајќи луѓе со попреченост.

Ако треба да направите промени на работното место или да купите специјална опрема за вработено лице со попреченост, вашите трошоци може да ги покрие Фондот за помагање на вработувањето (Employment Assistance Fund - EAF).

Повеќе информации за EAF и за вработувањето на луѓе со попреченост преку JobAccess може да најдете на www.jobaccess.gov.au или може да се јавите на советник на JobAccess на 1800 464 800 – повици од мобилни телефони се наплатуваат.

---

Australian Government

JobAccess is the national hub for workplace and employment information for people with disability, employers and service providers.

**1800 464 800** **www.jobaccess.gov.au**